Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-316/5
23.06.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-316 од 11.4.2023 година, поднесена од Здружение [redacted] и претставката бр. 08-363/1 од 19.5.2023 година, поднесена од [redacted], обете поднесени против [redacted], за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 19.6.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата.

## Образложение

На 11.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката се наведува дека на 9.4.2023 година, на емисијата „Детектор" на Сител телевизија, лицето против кого е поднесена претставката се обратил со следните зборови: „Трансродовите лица можеби имаат здравствени проблеми, треба да им се помогне, субјективно чувство е дека сте некој друг пол, може да биде и ментално растројство, тоа е индивидуално чувство и можеби е патолошка состојба. [...] Родовата дисфорија е патолошка состојба, се смета за медицинска состојба, а тоа што некој не го смета за растројство е друг проблем, но факт е дека на овие лица треба да им се помогне. [...] Кога психолошкиот аспект ќе има сериозен импакт на објективната реалност, на општествената свест, тоа субјективно чувство може да биде и ментална состојба, ментално растројство. Тоа е индивидуално чувство, тоа е реален свет за личноста што страда, тоа е патолошка состојба. Тоа што некој не ја смета за растројство, тоа е, тоа е сериозна состојба и во која што луѓето страдаат и апсолутно треба да им се помогне." Со ваквиот говор, се вели во претставката, [redacted] предизвикал и разгорел омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на пол, род, припадност на маргинализирана група и личен или општествен статус.

Подносителите истакнуваат дека со овие изнесени ставови [redacted], јавно на медиум, настојува да ја осуди или обесчовечи жртвата- трансродовите лица, а притоа и да се изрази гнев, омраза и презир кон нив, што носи порака на инфериорност кон сограѓани кои се трансродови лица, осудува, понижува и е полно со насилство и омраза. Понатаму истакнуваат дека во најширока смисла, тој со овие зборови емитува став за нешто за кое се залага, а кое не се заснова на реално и

објективно гледање на работите. Имено, наведуваат дека тој со намера шири предрасуди и антипатија кон група на лица, знаејќи дека во Македонија се линчуваат трансродовите лица.
Во продолжение на претставката подносителите ја негираат изјавата на [redacted] кога вели: „Во било која гранка на медицината, таква експлозија, таква епидемија на трансџендеризам би ги вклучила сите аларми". Велат дека ваквото тврдење не е точно и дека трансродовите лица постојат насекаде, во сите земји, помеѓу сите етнички групи, на сите социоекономски нивоа и во сите заедници ширум светот, и тоа многу долго време. Имајќи го тоа предвид, наведуваат дека во овој век не треба да има простор за која било заедница на луѓе да страда толку многу на дневна база и да биде турната на страна, особено од институциите кои треба да го штитат животот и здравјето на своите граѓани. Дополнително, се истакнува дека трансродовите луѓе не бараат посебни права, туку основни човекови права кои ги немаат или пак не можат целосно да ги уживаат, како што се еднаквоста и заштитата од дискриминација.

Понатаму во претставката подносителите се повикуваат на повеќе дефиниции на говорот на омраза, од кои некои содржани во меѓународни документи, а дополнително ја истакнуваат и праксата на Европскиот суд на човекови права во овој контекст.

Последно, истакнуваат дека согласно Меѓународната класификација на болести и сродни здравствени проблеми (МКБ-11), да се биде транс не е ментално растројство и дека и покрај многуте стереотипи за транс луѓето, нивното здравје не треба да биде тема на дебата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 19.4.2023 година испрати Известување бр. 08-316/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На ден 27.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на [redacted].

Во одговорот, [redacted] првенствено повикува Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, при носењето на мислење, да ја има предвид целата емисија и неговото целосно излагање, со цел да се запази контекстот на емисијата, разговорот, анкетите и изнесените ставови и мислења. Во таа насока, тој посочува на самиот наслов на емисијата, кој гласел: „Што мислат граѓаните за законските предлози за трансродовите лица?", додека пак воведните зборови од емисијата биле: „Дебатата за предлог-законот за родова еднаквост и воведување на сеопфатно сексуално образование во училиштата предизвика отворен судир помеѓу Црквата, државата и активистите за родови права. Што мислите вие за овие прашања, дали би поддржале законски измени за родова еднаквост и дали треба да се воведе сексуално образование во училиштата? На овие прашања бараме одговори ова попладне во Детектор, почнуваме веднаш." Со ова, тој напоменува дека уште на самиот почеток, јасно и недвосмислено, било напоменато дека се работи за тема во врска со предлог-законот за родова еднаквост, кој поради недоволна информираност предизвикувал конфузност, односно содржел конфузни термини, недоволно објаснети дефиниции, поими, како и недоречености и манипулација со зборови.

Во продолжение, тој наведува дека секоја дебата на мислења и ставови искажани на граѓани и лица кои сметаат дека се засегнати од носењето на ваков закон, не е и не може да се смета за повреда на правата на друго лице по кој било основ утврден согласно одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ниту пак може да предизвика и разгори омраза, раздор или нетрпеливост. Имено, тој смета дека со вакви дебати за законски решенија кои се од јавен интерес, а особено за предлог законски решенија кои според него содржат правни празнини, нерегулирани одредби, нејасни и недефинирани поими, дефиниции, категории кои создаваат недоследности,

недоречености и конфузија, секој граѓанин на оваа држава (вклучително и луѓе од Црквата), согласно член 16 од Уставот на РСМ, има право да прашува, да изнесува факти или сомнежи, да дава свои слободни мислења, да ги изнесува своите уверувања, слободно да говори и да има сопствен став.

Дополнително, тој се осврнува на начинот на кој е цитирана неговата изјава во претставката и вели дека истата не постои како исказ во емисијата, туку претставува изведен заклучок на подносителот на претставката. Имено, тој наведува дека никаде во емисијата нема обраќање со зборовите „Трансродовите лица можеби имаат здравствени проблеми [...], може да биде и ментално растројство [...]", а дури и под претпоставка дека изјавата е вака искажана, истата содржи фрази како *„можеби имаат"*, *„може да биде"*, *„можеби е"*, во кои тој смета дека нема ниту еден облик и вид на дискриминација или конкретен елемент на омраза, ниту пак може, како што е наведено во претставката, да предизвика и разгори омраза, раздор или нетрпеливост. Овие зборови, смета тој, се легитимни дилеми, мислења и ставови на кои се бара одговори, а се предизвикани токму од немањето дебати, одговори и релевантни информации, особено од надлежните стручни лица.

Во таа насока, тој посочува на точниот исказ даден во емисијата, за кој вели дека е погрешно цитиран во претставката: „Кога психолошкиот аспект ќе има сериозен импакт на објективната реалност, на општествената свест, замислете, тоа субјективно чувство <u>може да</u> биде и ментална состојба, ментално растројство. Тоа е индивидуално чувство, тоа е реален свет за личноста којашто страда, тоа е патолошка состојба. Родовата дисфорија е патолошка состојба, се смета за медицинска состојба. Тоа што некој не ја смета за растројство, тоа е сериозна состојба во којашто луѓето страдаат и <u>апсолутно треба да им се помогне</u>." Во овој контекст, тој вели дека искажаното во однос на родовата дисфорија не е според ничие мислење, туку е дефинирано и наведено во МКБ-10-АМ и Меѓународната класификација на болести и сродни здравствени проблеми ICD-10 Version:2019, соодветно под шифрата F64. Во однос, пак, на потцртувањето на делови од речениците од исказот наведен погоре, истото вели дека е со цел да се потенцира дека истите не претставуваат реална и законска основа која може да предизвика и разгори омраза, презир, осуда, понижување и насилство. Според него, делови од исказот покажуваат јасен став дека треба да им се помогне на лицата што страдаат од нарушено чувство за нивниот биолошки пол, а наведениот заклучок не може да биде основ за дискриминација.

Во прилог на ова, тој посочува кон даден исказ за времетраење на емисијата кој гласи: „Кога станува збор за правата на било кој човек, без оглед на неговата сексуална ориентација, верска определба, политичка припадност, категорично сум против било каков облик на дискриминирање. Човековите права буквално го опфаќаат секој еден човек, секоја индивидуа во оваа држава и тие се загарантирани за секој еден човек, без разлика на неговата определба." Дополнително, цитира и други негови изјави од истата емисија, како што се: „Апсолутно се оградувам и имам сострадание и емпатија кон луѓето коишто страдаат од родовата дисфорија", „Црквата апсолутно прифаќа секого и Црквата- тоа е онаа реторика од која се оградувам, а е реторика на Црквата воедно- Црквата прифаќа и прегрнува секого, Црквата го љуби грешникот, а го мрази гревот."

Од наведеното, тој смета дека јасно се покажува на намерно изместување и искривување на целокупниот контекст и изнесени мислења и ставови на темата за која е емитувана емисијата. Истовремено, смета дека гневот, омразата, презирот и понижувањето доаѓаат токму од оние кои тврдат дека се дискриминирани и маргинализирани. Во оваа насока, тој се повикува на членот 9 од Европската конвенција за човекови права кој се однесува на слободата на мислење, совест и вера. Осврнувајќи се на делот од претставката во која се споменува насилство, тој вели дека станува збор за сериозна импликација на тенденциозно погрешно искористени зборови и прекројување на термини за да одговараат на наративот, со цел да се манифестира нешто што во реалноста не

постои. Па така, тој смета дека: "како насилство може да се окарактеризираат агресивните обиди од страна на подносителот на претставката да се смени природниот ред и општоприфатениот, установен начин на однесување со тоа што сакаат да прифатиме дека маж може да стане жена и да се натпреварува во сите општествени сфери со жените, а притоа тоа да не се смета за мизогинија и апсурд со кој се нарушуваат правата на жените." Токму затоа, вели тој, во поддршка на жените, поентирал дека намерно се менува говорот со тоа што жената се сведува на подкатегорија-биолошки жени, транс жени и слично, со што пак жената е омаловажувана за сметка на субјективните чувства на мал број мажи.

Повторно навраќајќи се на зборовите „може" и „можеби" употребени во неговите изјави, [redacted] упатува на Дигиталниот речник на македонскиот јазик каде истите се дефинирани како нешто што е можно и не е исклучено, со што, смета тој, јасно е дека оставил простор за и бара вниманието да се сврти кон науката. Тој наведува дека за постоењето на овој проблем со пандемија на родова дисфорија алармирале и голем број психолози и психијатри од светот, од кои тој ги издвојува Џордан Питерсон, Миријам Гросман, Американскиот колеџ на педијатри, Сара Стоктон и така натаму. Покрај ова, тој исто така наведува дека и самите трансродови лица тврдат дека за некој да се нарече трансродов, истиот мора да има дијагноза на родова дисфорија или нарушување на родовиот идентитет.

Во овој контекст, осврнувајќи се на Меѓународната класификација на болести и здравствени проблеми (МКБ-11), која се наведува во претставката, тој го поставува прашањето зошто родовата дисфорија е впишана во класификација на болести и сродни здравствени проблеми, ако истата воопшто не е болест. Понатаму наведува дека сепак, во МКБ-11 родовата дисфорија е класифицирана како медицинска состојба за која се препорачуваат соодветни терапии, кои вклучуваат хормонски третман и психолошка поддршка. Дополнително, [redacted] прави споредба помеѓу МКБ-11 и МКБ-10 и вели дека единствената промена која била направена во новата верзија МКБ-11 била преместување на родовата дисфорија од ментални во сексуални растројства, но описот и третманите останале исти. Исто така наведува дека при консултација со психијатар од нашата земја, му било кажано дека тие сѐ уште се раководат според МКБ-10, во која класификација било нагласено дека родовата дисфорија, односно неприфаќањето на сопствениот биолошки пол, е растројство на половиот идентитет.

Следствено, тој се повикува и на цитат од веб страната на подносителот на претставката, каде се вели: „Транссексуалните личности се луѓе кои патат од она што во медицината се нарекува *„родова дисфорија"* [...], па имате потреба за започнување на *медицинска транзиција* [...] Се работи за *медицинска состојба* во која поединецот се раѓа во тело од еден пол, оној кој му се припишува при раѓање [...]". Дополнително приложува и извадоци од објава на веб страната на здружението [redacted] од 22.5.2019 година каде се споменуваат термините „медицински тим, односно психијатар, психолог, матичен лекар и ендокринолог", „добива наод и мислење", „здравствени услуги", „потребната терапија" и „контроли".

Од погоре изнесеното, тој смета дека лесно може да се заклучи дека постои притисок, без дебати и сослушување на мислења и ставови, да се укине слободата на уверување, совест, мисла, јавно изразување на мислата, слободата на говор, јавниот настап и јавното информирање. Во овој контекст се повикува на член 16 од Уставот на РСМ со кој е предвидена забрана за цензура. Продолжува понатаму со став дека, ако законите на една демократска земја подразбираат и опфаќаат плурализам и инклузивност, тогаш секој треба да има право да го каже своето убедување и да го образложи и поткрепи со факти, со цел јавноста да може да донесе свој информиран став по однос на темата.

Како заклучок сумиран од целосното негово излагање во емисијата, [redacted] истакнува дека неговата основна поента била заштитата на правата на мнозинството, особено правата на жените, кои низ историјата се бореле за рамноправност со мажите, како и правата на децата. Наведува дека цензурата и самоцензурата не смеат да бидат наметнувани само за да не се повредат нечии субјективни чувства, затоа што така би се укинала секоја потенцијална дебата. Последно, смета дека анкетите приложени во емисијата покажуваат дека е потребен разговор, размена на мислења и ставови кои ќе бидат изнесени и спротивставени на јавно организирани дебати, но со присуство и на маргинализираните групи или поединци, со цел носење на општоприфатливи законски решенија.

На ден 19.5.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје против [redacted], заведена под бр. 08-363/1.

По увид во содржината на претставката, Комисијата донесе одлука истата да се спои со претставката бр. 08-316 од 11.4.2023 година поднесена од Здружението [redacted], имајќи предвид дека и двете претставки се поднесени против истото физичко лице и за истата работа.

Имено, во претставката поднесена од страна на [redacted] се наведува дека [redacted] изминатиот период бил гласноговорник на анти-родовото движење и како таков, тој континуирано шири трансфобија, анти-ЛГБТИ и анти-родова реторика, од неговиот говор на трибина во Струмица организирана од религиската фондација [redacted], па сè до повеќе настапи на телевизија и колумни. Истакнуваат дека аргументите со кои се служи и говорот кој го користи во многу наврати излегува од дозволеното во рамки на слободата на изразување, односно претставува говор на омраза или вознемирување врз основа на род и родов идентитет. Притоа, напоменуваат дека со претставката не ги оспоруваат критиките и нападите кон нив или кон [redacted] лично, како извршна директорка [redacted], ниту пак критиките кон Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција, туку самиот говор на омраза и вознемирување кое го употребува во неговите настапи. Се наведува дека во своите настапи, тој зборувал за трансродовите луѓе и за нив како застапници за родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ луѓето како за штетни за општеството, семејството и децата, како болни, сатанисти, посланици на ѓаволот итн. Со ваквиот говор, сметаат тие, [redacted] врши вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација и родов идентитет, а дополнително и ги дехуманизира трансродовите лица, нив како здружение и [redacted].

Во продолжение, даден е извадок од неговото обраќање на трибината во Струмица, кое го сметаат за вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

„[...] *мене инсипрација за борбата против оваа настраност ми е ниедна друга земја туку Америка.*"

„[...] *Трендот е да се создаде една либерализирачка атмосфера за педофилијата. Како се случува прогресот на џендеризмот итн, се создава клима и атмосфера за толерантност кон педофилијата. И прво што забележав во дебатите коишто се водат, дури и со опозицијата, едноставно терминот „pedophile" не се користи. Као знаеш она не можеш да кажеш Волдеморт, знаеш кој, the P word го користат изразот. И викам ајде да видам какво е мислењето на СЗО за педофилијата зошто сите знаеме дека тоа е патолошка состојба. Најновата дефиниција од последниот извештај на СЗО од минатата година вели педофилијата не смее да се смета за патологија се до момент на дејство. И тука застанува. Што значи тоа дејство?!*

*Дали тоа значи дека кога некој седи во парк и демне деца и се наслaдува сексуално, ги допира и ги гали, или кога го прави она најстрашното. Каде е границата?! И уште една работа која што ја забележав, покрај оној P word, никој не вели „педофил", има еден израз МАР, кратенка која значи minor attracted persons, тоа е изразот којшто се користи."*

*„[...] ме праша, каде ја гледам причината, дали е ова некаков заговор, завера итн. Секако дека е, само будалите мислат дека не е, дека не е агенда. И кој би имал полза од ова. Оној којшто не може да го поднесе човекот. И еве образот беше клучен збор којшто го користевме. Којшто го мрази човекот и којшто се противи, секој којшто е анти по својата природа, покрај овие што се анти-феминисти и вакво... Самиот збор „Сатанаил" или „Сатана" буквално значи противник, оној се противи, и не се противи било кому, туку на Бог. Тој не го мрази човекот заради тоа што е осуетен од него. Човекот е далеку понемоќен од Ѓаволот. Дури и во својата, во некаква сила и надмоќ над него е далеку помоќен. Човекот во заедницата со Бог. Но главната причина зошто Ѓаволот го мрази човекот е заради тоа што е создаден по образ божји и е икона божја и секогаш кога ќе го погледне човекот, го гледа оној кого го мрази најмногу. И ако Бог пројавува доверба во овој свет преку секое едно новороденче што го праќа во овој свет, тогаш никој друг, туку Ѓаволот се намерачил да го искасапи тој лик и тој образ божји. Она што се прави со сите овие касапења и бодења на децата со разно разни хормони и обезличувања, да се уништи образот божји. А тие го нарекуваат терапија. А во исто време не сакаат да признаат дека трансџендеризмот, родовата дисфорија е пореметување. Зошто ја нарекуваш хируршка терапија и хормонална терапија, терапија се дава на болен човек. Дајте луѓе ве молам, ве преколнувам, вие што сте од струката психијатри, психолози, биолози, мораме да се обединиме оти ова веќе не е шега."*

Понатаму подносителите го истакнуваат гостувањето на [redacted] во ТВ Сител во емисијата „Детектор" каде што продолжил со истата реторика и зборувал за трансродовите луѓе како луѓе со ментално растројство, патолошка состојба и истакнувал податоци кои ги толкувал како „епидемија на трансџендеризам."

Исто така истакнуваат дека во неговите настапи, а особено на трибината, постојано ја споменувал [redacted], како и ја прикажувал нивната веб страна каде тие се објавени со име, презиме и фотографии. Притоа, напоменуваат дека тоа само по себе не е спорно, зашто тоа се јавно достапни информации, но дека истото преминува во вознемирување бидејќи ги врамува како штетни, посланици на ѓаволот, промотори на педофилија, а дополнително и повикува, дури и преколнува на обединување против нив. Ваквото делување и ваквиот говор го сметаат за несакано постапување кон нив и кон трансродовите лица, со кое се повредува достоинството и се создава непријателска, заканувачка и застрашувачка средина.

Во прилог на ова, наведуваат дека ефектите од таквиот говор се особено видливи преку коментарите под објавите за трибината и објавата на емисијата „Детектор" на социјалната мрежа Фејсбук. Како доказ во прилог беа доставени коментарите кои содржат говор на омраза, односно вознемирување, а кои биле поттикнати од страна на [redacted].

Подносителите на претставката ги сметаат говорите и делувањето на [redacted] за особено сериозни и штетни кон почитувањето на човековите права и еднаквоста на жените и ЛГБТИ луѓето. Неговиот тон го опишуваат како фаталистички, истакнувајќи дека тој предвидува дека ќе исчезне човештвото и цивилизацијата поради борбата за родова еднаквост и ЛГБТИ права. Велат дека како свештено лице тој ужива углед кој го користи за да шири говор на омраза, да клевети и навредува цела заедница. Напоменуваат дека неговото делување во овој момент не е случајно, туку е дел од поширока мобилизација против родовата еднаквост и ЛГБТИ правата која, пак, е финансирана

воглавно од религиски фондации од САД. Во тој контекст, велат дека анти-родовото движење зема замав на европско и светско ниво, а од страна на институциите на ЕУ е препознаено како закана за демократијата бидејќи нивна основна цел е негирање на правата на жените, ЛГБТИ луѓето и целиот корпус на репродуктивни и сексуални права како клучни цивилизациски придобивки.

Во однос, пак, на неговите тврдења дека трансродовите лица се ментално болни и станува збор за патолошка состојба, подносителите укажуваат на Меѓународната класификација на болести и сродни здравствени проблеми, согласно која трансродовоста е депатологизирана и отстранета од поглавјето на ментални болести, а дијагнозата „родова неусогласеност во адолесценција и зрелост" е ставена во поглавјето „состојби поврзани со сексуалното здравје". Всушност, истакнуваат дека целта на оваа дијагноза е да се обезбеди пристап до здравствени услуги за трансродовите лица во согласност со современите научни сознанија дека родово небинарните идентитети не претставуваат ментално растројство, туку отстапување од социјално конструирани норми за родот и сексуалноста. Оттука, сметаат дека говорот со кој ЛГБТИ луѓето се претставуваат како штетни, неморални, се поврзуваат со педофилија, се дехуманизираат и се претставуваат како посланици на Сатаната, е говор кој во демократско општество треба да се ограничи поради заштита на правата на другите.

Земајќи ги предвид наводите од двете претставки, како и произнесувањето по истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за сторено вознемирување од страна на [redacted], односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на вознемирување содржана во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Имено, Комисијата констатираше дека преку своите јавни настапи во изминатиот период, меѓу кои гостувањето на емисијата Детектор на Сител телевизија и јавната трибина во Струмица, [redacted] изразил мислења, ставови и идеи кои се понижувачки, навредливи и деградирачки кон трансродовите лица и кои ја охрабруваат дискриминацијата и омразата кон ЛБТИ луѓето. Тој го искажал својот став кон трансродовите лица преку стереотипи, опишувајќи ги како лица кои страдаат од ментално растројство, нагласувајќи ја на тој начин стереотипната и штетна слика за нив и нивната позиција во општеството.

Истовремено, Комисијата истакнува дека [redacted] има право да ги искаже своите ставови и мислења, во овој конкретен случај како гостин на емисија или говорник на трибина, но не на начин кој охрабрува и поттикнува дискриминација кон одредена група на луѓе или јавно се залага за нивно маргинализирање и стигматизирање. Притоа, Комисијата го зема предвид и фактот што [redacted] е свештено лице, кое може да влијае на јавноста со своите ставови и авторитети, поради што има дополнителна одговорност да не поттикнува дискриминација и да не повредува нечиво достоинство со неговите изјави и ставови.

Во оваа насока, член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права ја регулира слободата на изразување на начин што во став 1 е пропишано дека секој човек има право на слобода на изразувањето, а тоа право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите, додека пак со став 2 се пропишани ограничувањата на тоа право. Со оглед на тоа што остварувањето на

овие слободи со себе повлекува и обврски и одговорности, истото може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Поради ова, правото на слобода на изразување, односно правото да се изрази сопствениот став за одредено прашање, не е неограничено. Впрочем, заштитата на угледот и правата на другите претставува едно од легитимните ограничувања на ова право. Ова е од причина што толеранцијата и почитта кон достоинството на секој еден човек ги сочинуваат темелите на демократското, плуралистичко општество. Оттука, може да се смета за неопходно во одредени ситуации да се санкционира или дури спречи одредена форма на изразување со која се шири, поттикнува, промовира или оправдува нетолеранција и дискриминација.

Впрочем, преку етикетирање на трансродовите лица како лица кои „страдаат од ментално растројство" и нивно поистоветување со педофилија, сатанизам итн., [redacted] сериозно го повредил нивното достоинство и создал непријателска и застрашувачка средина. Претставувајќи ја и зборувајќи за трансродовоста како за „епидемија на трансџендеризам", „настраност", „пореметување" итн., тој тенденциозно, но погрешно, ја претставил трансродовоста како болест, како нешто штетно и заразно. Дотолку повеќе, со ваквиот говор тој поттикнал понатамошна дискриминација кон овие лица и нивните поддржувачи, со тоа што предизвикал и охрабрил лавина реакции на социјалните мрежи во кои е содржан вознемирувачки говор кон ЛГБТИ лицата.

Дополнително, [redacted] имал одговорност, при изнесувањето на факти и податоци поврзани со Меѓународната класификација на болести и сродни здравствени проблеми, да ја провери нивната точност. Имено, согласно МКБ-11, последната верзија на Меѓународната класификација усвоена од сите земји членки на Светската здравствена организација, меѓу кои и Р.С. Македонија, од 2019 година родовата неусогласеност повеќе не припаѓа во поглавјето на ментални болести, туку во новото поглавје за сексуално здравје. Ова меѓудругото има за цел и да ја намали стигмата околу трансродовите лица и да го разбие стереотипот за трансродовоста како ментално нарушување, како и да се обезбеди пристап до соодветни здравствени услуги за тие лица. Оттука, преку лажните тврдења кои ги изнел во врска со здравјето на трансродовите лица, велејќи дека родовата дисфорија претставува ментално растројство, [redacted] свесно придонел кон дополнителна стигматизација и дехуманизација на тие лица.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] јавно да се извини за говорот при неговите јавни настапи со кој е извршено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ лицата. Јавното извинување треба да го објави во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] во иднина да се воздржи од јавни настапи кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
21.6.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted], Македонска Православна Црква, Струмичка Епархија, со адреса на ул. [redacted], 2400 Струмица
- [redacted] со адреса на ул.,, [redacted], 1000 Скопје
- [redacted], со адреса на ул. [redacted], 1000 Скопје